Почитуван Градоначалник Арсенчо Алексовски

Почитувани уметници

Почитувани љубители на театарската уметност

Чувствувам неизмерна чест и задоволство што вечерва можам да Ве поздравам и на самиот крај на уште едно успешно издание на еден од најреномираните тетарски фестивали во нашата земја „Театрскиот фестивал Св Јоаким Осоговски“ и да им се заблагодарам на сите оние што се вградија себеси во овој фестивал, дарувајќи му љубов и долготрајност.

Цели 5 години, театарскиот фестивал Св.Јоаким Осоговски е место што ги обединува визуелните импресии и пораки на сценскиот говор, како интерактивен подиум на кој дефилираат најеминентните имиња на денешната современа македонска и балканска театарска сцена, презентирајќи инзвонредни драмски остварувања, квалитетни и естетски издржани претстави, кои особено го афирмираат драмското творештво.
Во рамките на манифестацијата „Крива Паланка-град на културата за 2013“ годинешниот осумдневен театраски кампус, ни понуди настапи на осум театри од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија и домаќинот Македонија, при што продефилираа 46 актери кои пред публиката манифестираа интензивен и восхитувачки квантум на творечка енергија.

Одекот на креациите на плејадата актери ги надополнија вредностите од минатото, вклопени во уметничката креација на сегашноста со интензивен континуитет на творечка енергија, која најголемите медијатори, уметниците, ја разменија на овој простор. Несомнено дека градејќи се себеси, фестивалот го позиционираше и градот Крива Паланка како епицентар во кој се премрежуваат културни збиднувања и настани и трајно го определи како простор за вонредна креација и впечатливи актерски остварувања. Убеден сум дека љубителите на театарската уметност, уживаа во овогодинешната фестивалска програма на меѓународниот тетарскиот фестивал „Св. Јоаким Осоговски“, која на пробирливата театарска публика и овозможи многу творечки катарзи.

Трајните вредности и нивното негување се од особен интерес за Министерството за култура на Р. Македонија. Токму затоа наша заедничка обврска е, и во иднина да ги вложиме сите свои напори, овој реномиран театарски фестивал да остане забележан на европската културна мапа, да продолжи да биде место каде што чесно и објективно ќе се вреднува вложената енергија и креативниот напор во создавањето на можеби најблагородниот чин на творечкиот дух-театарската претстава.

Дозволете ми уште еднаш, да ги поздравам залагањата на тимот што го реализира овој фестивал, воедно да му ја честитам наградата на овогодинешниот лауреат-познатиот македонски актер Страшко Милошевски и со задоволство да го најавам настапот на Уметничката работилница „Призор“, од Белград, Р.Србија, која со претставата ЗВЕЗДИ И ТАЛЕНТИ по мотив од емисијата Боинг Боинг на Марко Камелоти, ќе го заокружи ова фестивалско издание. Посакувајќи уште многу идни успешни фестивалски изданија, Ве повикувам заеднички да и се препуштиме на театарската магија и да го проследиме настапот на гостите од Република Србија.